РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-144/1
09. 01. 2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Извештај**
**за извршен надзор на законитоста на**
**работата од областа на животната средина на**
**општина Крушево за 2022**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-521/2 од 17.03.2022 година, на ден 25.10.2022 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Крушево.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Крушево од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставник на општината Крушево присутен при вршењето на надзорот беше: Васил Јошески, Драгана К.Филиповска, Татјана Хасану, Даница Кондоска.

**Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за <u>одобрување на елаборати за животната средина комисијата утврди дека:</u>** во општина Крушево се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина. Се увиде дека се води регистер на одобрени елаборати. Има писмено овластување од страната на градоначаникот за лице кое ке ги одобрува елаборатие.

**По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за <u>издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено дека:</u>** согласно активностите кои произлегуват од

Законот за животна средина општината се изјасни дека до општината е доставено едно барање за Б-Интегрирана еколошка дозвола и истото е во постапка на издавање. Од комисијата им беа посочени обврските кои ќе произлезат по идавање на Б-ИЕД. Се утврди дека во општината има овластено одговорно лице за издавање на Б-интегрираните еколошки дозволи со писмено овластување од градоначалникот.

<u>По однос на обврските согласно Законот за животна средина :</u>

- Нема донесен нов ЛЕАП, и за истиот нема формирано тело за следење на иплеменатција на ЛЕАП-от.
- Општината нема донесено надворешен план за вонредни состојби согласно член 154 од ЗЖС.
- Општината нема донесено план за спроведување на инспекциски надзор за 2022 година бидејќи нема вработено лице за овластен инспектор за животна средина.
- Општината не води соодветни катастри согласно член 42 (5) од ЗЖС и не доставува податоци за одржување на катастрите до МЖСПП.
- Во општината нема мониторинг станици за мерење на емисии во воздухот.

-Општината Крушево нема воспоставено меѓуопштинска соработка со друга општина во областа на животна средина, а во минатото имала со општина Прилеп за период 2014-2015год.

<u>Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот</u>

- Од општината се изјаснија дека општина Крушево е во Пелагонската регионалната депонија која е во постапка на формирање на јавно претпријатие.
- Во општината Крушево согласно член 28 од законот за управување со отпадот кој се однесува на управувње со комуналниот и другиот неопасен отпад ги врши ЈП Комуна Крушево.

-Се изјансни дека: Советот на општината во врска со управување со отпад нема донесено одлука за склучување на спогодба за здружување за воспоставување на систем за управување со отпад на регионално ниво, отпадот ке се носи на регионална депонија Новаци.

- Општината не членува во мегуопштински одбор за управување со отпад.

-Согласно член 45 ос ЗУО за интегрирана мрежа за управување со отпад општината немала определнео локација која се користи за претоварна станица.

- Општина Крушево има основано јавно претпријатија (ЈП Комуна Крушево) за собирање, транспортирање или третман на комуналниот и на другите видови неопасен отпад согласно член 60 од ЗУО.

-Се изјасни дека: врз основа на општите правила донесени согласно со членовите 37 и 51 ЗУО, ЈП Комуна Крушево со годишна програма за работа одобрена од советот детално ги има пропишано условите, начинот и шемите за собирање и за транспортирање на комуналниот отпад во рамките на интегрираниот систем за управување со отпад на подрачјето на општината и ги има вклучено изолираните населби од членот 6 став (1) точка 6 од овој закон.

-Во општина Крушево од страна на ЈП Комуна Крушево покрај контињерите за отпад поставени се и контењери за собирање на пластика и за стакло.

- Општината не води Катастар за својата територија, во кој се евидентираат создавачите на неопасен отпад согласно член 101 од ЗУО.

- Согласно член 102 од ЗУО за објавување на податоци кои се однесуваат на состојбата во управување на отпадот, за постигнатиот напредок, и идните активности за подобрување со отпадот, општината одговорила дека: објавува само податоци за постојната опрема и возила и набавката на нова опрема и возила .

-Согласно член 11 од ЗПОП Општината има обврска за соработка со производите на посебни текови на отпад самостојно или преку колективен со цел поттикнување на одделно собирање на отпадни производи воспоставување на собирни центри и посебна инфарструктура за одделено собирање. Се изјасни дека производителите на посебни текови на отпад самостојно го решавале проблемот со отпадот.

- Општината нема основано депонија  има времена депонија а чека регионална депонија.

- Се изјанси дека нема склучено договор со некој од колективните односно самостојните постапувачи што се регистриран во РСМ за воспостапување на собирни центри и друга инфаструктура за одделно собирање и селектирање на посебни текови на отпад.

<u>Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Крушево од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите</u>

- Општината Крушево се снабдува со вода од регионалниот водоснабдителен систем Суденчица, а за некои населени места кои влегуваат во општина Крушево, а се водоснабдуваат од други извори има обезбедено дозволи за користење. Оштината нема прибавено Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.

- Општината при издавање на Б- интегрираните еколошки дозволи утврдува дали за дејностите и активностите на инсталацијата е издадена потребна дозвола согласно членовите 26, 28 и член 79 од ЗВ.
- Во прашалникот е одговорено дека општината определила заштитини зони окулу тела по Хасап системот, но за истите не е изработен Елаборат за заштитни зони и истите не се определени согласно член 96 став 2 од ЗВ.
- Општината Крушево во урбанистичките планови на општината не прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.
- Општина Крушево нема донесено Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадини води согласно член 114 од ЗВ.
- Општината не ги исполнува обврските за одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајќи го и отстранувањето на тињата и врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ.
- Општината согласно Законот за води инсталацијата не ги исполнува обврските согласно член 116 да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.
- Општината нема донесено Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ, а заедно со ЦИК се изговува проценка на опасности од поплава.
- Општината има донесен оперативниот план за заштита и одбрана од поплави согласно член 126 од ЗВ, но истиот не е доставен до Министерство.
-Општината презема потребни мерки за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејтво на водите во урбанте подрачја согласно член 123 од ЗВ.
-Општината Крушево не исполнува обврските соглано член член 143 од ЗВ, за доставување и објавување извештаји за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Општината не исполнува обврските согласно член 141 од ЗВ за да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.
- Согласно член 137 од ЗВ општината не презема мерки за заштита на ерозивни подрачја и исто така има определил границите на ерозвните подрачје.
- Општината определува крајбрежен заштитен појас за водотеците согласно член 131, има донесено одлуки за определување на ширината на крајбрежните појас на водотеците опфатени со урбанистички планови за села и тоа: Одлука за определување на ширината на крајбрежн појас на водотеците опфатени со урбанистички план за село Саждево со број 08-395/8 од 21.04.2021 година,

Одлука за определување на ширината на крајбрежен појас на водотеците опфатени со урбанистички план за село Пресил со број 08-395/9 од 21.04.2022, Одлука за определување на ширината на крајбрежн појас на водотеците опфатени со урбанистички план за село Јакреново со број 08-395/10 од 21.04.2021 година, Одлука за определување на ширината на крајбрежн појас на водотеците опфатени со урбанистички план за село Свето Митрани со број 08-395/7 од 21.04.2021 година,

Одлука за определување на ширината на крајбрежн појас на водотеците опфатени со урбанистички план за село Врбоец со број 08-395/6 од 21.04.2021 година, и во тек е уредувањето на ширината на крајбрежните појас на водотеците опфатени со урбанистички планови за села Норово, Алданци и Борино.

- Општината секоја година до крајот на септември врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и обезбедуваат непречен проток на водата согласно член 133.
- Општината нема донесено Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и не доставува податоци до министерството од мониторинг од локалната мрежа.
- Општината Крушево нема реализиран инспекциски надзор за 2022 година согласно член 229.

Општината обезбедува вода преку сопствени извори и регионален водоснабдителен систем Студенчица и заштитата се прави по Хасап системот.

- Се изјасни дека: Во општината има основновано јавно претпријатиа (ЈП Комуна Крушево) за вршење на дејноста и работењето и одржувањето на системите за водоснабдување и снабдувањето со вода за пиење согласно член 185 од ЗВ.

**Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Крушево, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат <u>од областа на заштита од бучава во животната средина :</u>**

-Општината не презема активности при издавање на одобренија за градба во врска со посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава согласно и член 23 од ЗЗБЖС, како и член 35 од ЗЗБЖС.

-Општината нема склучено договор со овластено правно лице за мерење на бучава

***Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:***

-Потребно е да се опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, во спроведување на постапките каде беше константирано дека не се спроведуваат.
Потребно е да се постапи согласно заклучокот на Влада и да се систематизира работно место на кое ќе биде вработен или распореден извршител за заштита на животната средина
-Да се отпочне постапка за овластен инспектор за животна средина бидејки можностите со имање на инспекциски надзор се зголемуваат за правилно менаџирање со општината во областа на животната средина, а постапката да се почне што поскоро со оглед на тоа што постапката за добивање на лиценца за овластен инспектор трае околу една година, да се склучи меѓуопштинска соработка со друга општина додека општината вработи инспектор.
-Да се подготви ЛЕАП,
-Општината да ја исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, да се донесе надворешен план за вонредни состојби.

<u>Во областа на отпадот комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:</u>

-Општината да ги следи и активно да земе учество во активностите кои следат при изградба на регионалната депонија.
-ЈП Комуна Крушево да им овозможи на граѓаните на општината редовно превземање на комуналниот систем, да се стреми кон воспоставување на систем за примарна селекција на комуналниот отпад.
-Општината да пристапи кон склучување на Договор со колективните постапувачи за посебни текови со отпад, со цел овозможување на одделно собирање на посебни текови со отпад.

<u>Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:</u>

- Општината да прибави Дозвола за испуштање на води и испуштање и фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ, како и да прибави дозволи за користење за водните тела од кои се користи вода за водоснабдување за населени места за кои не е прибавена истата.
- Општината потребно е согласно член 96 став 2 од ЗВ да донесе Одлука за потребата од определување на заштитни зони за водни тела од кои се користи вода за консумирање од страна на човекот. Одлуката за потребата со барање и Елаборат за определување на заштитни зони потребно е да се достави до Министерство за здравство и Министерство за животна средина и просторно

планирање за да согласно член 96 став 1 од ЗВ се изработи Предлог одлука за заштитни зони која ќе ја донесе Владата на РСМакедонија. По донесување на одлуката од страна на Владата на РСМакедонија потребно е општината во урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографски заштитните зони, согласно член 98 став 4 ЗВ.

- Потребно е општината да донесе Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и да врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата и да врши пречистување на отпадните води согласно член 113 од ЗВ. Согласно член 116 да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.
- Општината да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја согласно оваа програма.
- Согласно член 143 општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Согласно член 126 од ЗВ потребно е Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави во континуитет да се донесува од страна на општината, да се доставува до Министерство за животна средина и просторно планирање и да се спроведува истиот.
- Општината согласно член 131 за населените места за кои не е определен крајбрежниот заштитен појас за водотеците има можност да го определи и да го уреди согласно член 132.
-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја согласно член 137 од ЗВ
- Согласно член 133 секоја година до крајот на септември општината да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.

- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци од мониторинг согласно член 156 ЗВ.

За превземаните активности општината да го извести министерството во рок од **6 месеци** од добивањето на записникот.

Скопје, 2022 година

Комисија присутна на надзорот:

Танја Кироска Филиќ ____________________
Лумни Јашари, ____________________
Даниела Наумовска ____________________
Ирена Николоска____________________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,____________________
Александар Петковски____________________